ИЗЛОЖБИ



# Нови архитектонски визии

***Од 27 октомври до 10 ноември, во Ликовниот салон на МАНУ ќе биде отворена ретроспективната изложба на арх. Петар Муличкоски***

Развојниот пат на архитектот Петар Муличкоски, теоретски и практично, е поврзан со неговото образование на Љубљанскиот универзитет, специјализација на Калифорнискиот универзитет во Беркли, универзитетот Харвард во Масачусетс, во студиото на Френк Лојд Рајт во Талиесин Вест - Аризона, школата на Мис Ван дер Рое и студиото на Чарлс Имс во Чикаго, како и стручните престојувања во Шведска, Данска, Швајцарија, Франција, Италија и Грција. За своето дејствување има добиено повеќе значајни награди и признанија: „Повелба за животно дело со името на Андреја Дамјанов“, Награда „11 Октомври“, Борбина награда за Република Македонија, Спомен-плакета и Повелба на Собранието на град Скопје, а неговото име се споменува и во познатата Општа енциклопедија „Larousse“.

Творештвото на арх. Петар Муличкоски, претставено во МАНУ, е само дел од неговиот богат опус. Станува збор за презентирање на околу 50 урбанистички проекти, вреднувани и наградувани на јавни конкурси, кои се однесуваат на значајни и разновидни градски содржини во различни географски, историски и урбани средини. Тој се движи во рамките на урбанистичко и архитектонско проектирање и ентериер, меморијална и пејзажна архитектура, а особено се истакнува неговиот специфичен израз во негувањето на цртежот. На оваа изложба, низ остра автоцензура, застапени се дела распоредени според наведените области.

Карактеристично за делата на проф. архитект Муличкоски е внесувањето нови просторни целини според наменските содржини, со специфичен





идентитет и интелектуална поврзаност со традицијата и богатото градителско културно наследство, со очигледен истражувачки напор како предизвик во барањето оригинални решенија со трајни вредности. Негова посебна преокупација претставува архитектонското проектирање во кое внесува нови сознанија: историски, психолошки, ликовни и други. Цртежите, пак, претставуваат нови архитектонски визии, поврзани со традицијата на македонското поднебје: средновековните цркви и манастири, средновековните анови, традиционалната македонска куќа...

Современите светски трендови извршиле големо влијание врз ова творештво, при што се забележуваат функционалноста и специфичноста на конструкциите. Станува збор за чист и јасен архитектонски израз на конструктивизмот (направен од метал, бетон и стакло со „ѕидна завеса“) и новиот брутализам (во натур-бетон). Општ впечаток е дека во својот специфичен архитектонски израз Муличкоски ги комбинира функционализмот, конструктивизмот, брутализмот, постмодернизмот, новиот симболизам, орнаментизмот и македонската традиција, збогатувајќи ја македонската архитектура со нови креации, од кои некои се со антологиски вредности.

Сигурно, би направиле голема неправда кога би требало да се издвојат неколку дела од многубројните проекти на Муличкоски (било да се тие реализирани, во фаза на реализација или идејни решенија, кои на конкурсите добиле наградни признанија). Сепак, како најинтересни (а можеби и најпознати) би ги посочила: Спомен-домот на Револуцијата - Прилеп; Куќа за одмор во Маврово; Новиот центар и Спомен-костурницата во Кавадарци; Палата на управа - Скопје; станбен комплекс Порта Влае- Скопје; Народна и универзитетска библиотека - Скопје; Споменик на „Св. Кирил и Методиј“ - повторно во Скопје; Билјанини извори и детален урбанистички план за крајбрежјето на Охрид...

Маја ЧАНКУЛОВСКА